Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 11-433/2

Датум: 25. 03. 2022

Г-дин Сретен Стојковски, директор
Државен инспекторат за животна средина
Палата „Емануел Чучков“
Ул. „Павел Шатев“ бр.2, 5 ти спрат
1000 Скопје, Република Северна Македонија

Предмет:

Врска (Ваш број):

Почитуван г-дин Стојковски,

Во врска со Вашето барање за номинација на член во Комисијата за спроведување на практичен дел од испитот за инспектор, за кандидатот од Вашата инспекциска служба, Ве известуваме дека претставник од Инспекциски совет е Г-дин Методија Димовски, член од област на животна средина и заштита на здравјето на луѓето.

Контакт податоци од Г-дин Методија Димовски:

email: m.dimovski@is.gov.mk ,
мобилен: 070 265 732.

Со цел да се утврди терминот за реализација на практичниот дел од испитот за лиценца за инспектор, потребно е да стапите во контакт со надлежниот член.

Искрено,

Даниела Рендевска
Генерален секретар на Инспекциски совет

Република Северна Македонија ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ Скопје
KËSHILLI I INSPEKTORIATEVE Shkup Republica e Maqedonise se Veriut

Подготвил: Љуан Салихи, помлад соработник

Контролирал: Љубица Лилиќ Тодоровск, советник

Бубе | Мето
28/03/2022
2

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина и просторно планирање**

Архивски бр. 02-382/6
Дата 25.03.2022


Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

Палата"Емануел Чучков"
Ул.Павел Шатев бр.2, 5ти спрат
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Е-пошта: s.stojkovski @sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk
Тел-ДИЖС: +389 70 286 698


**До: ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
- **Г-ѓа Магдалена Филиповска-Грашкоска**
**Претседател**

- **М-р Методија Димовски**
**Член на ИС, Здравје и Животна средина**

**Ул.Даме Груев бр.3, блок 2, локал 5**
**1000, Скопје**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KESHILLI I INSPEKTORIATEVE
СКОПЈЕ · SHKUP

| Примено / Pranuar: 28. 03. 2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia organizative | Број / Numer | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 11- | 433/3 | | |

**ПРЕДМЕТ:** Известување и достава на документи

Почитувани,

Согласно член 7 став (6) од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор ("Службен весник на РСМ" бр.238/2019), Ви ги доставуваме следните документи:

-Решение за формирање на Комисија за спроведување на практичен дел од испитот за инспектор и

-Известување за одржување на практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор

Со почит,

Изработил:
Дарко Блинков,
Раководител на Одделение

**ДИРЕКТОР**

**М-р Сретен Стојковски**

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**
**и просторно планирање**

Архивски бр.02-382/5
Дата 25.03.2022

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

Палата"Емануел Чучков"
Ул.Павел Шатев бр.2, 5ти спрат
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Е-пошта: s.stojkovski @sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk
Тел-ДИЖС: +389 70 286 698

**До: БЕДРИ СУЛЕЈМАНИ**
**Кандидат за инспектор**
**-Одделение за инспекциски надзор во животната средина-Полошки регион, Канцеларија Тетово**

**ПРЕДМЕТ:** Известување за одржување на практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор

Почитувани,

Согласно член 7 став (6) од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор ("Службен весник на РСМ" бр.238/2019), Ве известуваме дека полагањето на практичниот дел од испитот за инспектор ќе се одржи на ден 28.03-понеделник со почеток во 10.00 часот во просториите на Државниот Инсепкторат за животна средина во Скопје.

Воедно ве известуваме дека со решение бр.02-382/4 од 25.03.2022 година, е формирана Комисија за спроведување на практичен дел од испитот за инспектор, составена од следните членови:

-Хусни Тачи, Главен инспектор-Раководител на Сектор за инспекциски надзор во животната средина и природата, - ментор на кандидатот за инспектор,

-Пејо Кировски, Виш инспектор-Раководител на Одделение за инспекциски надзор во животната среидна-Скопски регион,

-Беџет Абази, Државен Инспектор за животна средина, Одделение за инспекциски надзор во животната средина-Полошки регион, Канцеларија во Тетово и

-М-р Методија Димовски, член од областа на животна средина и заштита на здравјето на луѓето, номиниран член од Инспекциски Совет на РСМ.

Со почит,

Изработил:
Дарко Блинков, Раководител на Одделение

**ДИРЕКТОР**

**М-р Сретен Стојковски**

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETËSOR Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETËSOR
Бр.-Nr. 02-382/4
25.03 20 22 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 43 од Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на РСМ" бр.102/2019), а во врска со член 7 од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор ("Службен весник на РСМ" бр.238/2019), Директорот на Државниот Инспекторат за животна средина го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
**за формирање Комисија за спроведување на практичен дел од испитот за инспектор**

1. Се формира Комисија за спроведување на практичен дел од испитот за инспектор, за кандидатот Бедри Сулејмани за работно место Советник-Инспектор за животна средина составена од следните членови:

-Хусни Тачи, Главен инспектор-Раководител на Сектор за инспекциски надзор во животната средина и природата, - ментор на кандидатот за инспектор,

-Пејо Кировски, Виш инспектор-Раководител на Одделение за инспекциски надзор во животната среидна-Скопски регион,

-Беџет Абази, Државен Инспектор за животна средина, Одделение за инспекциски надзор во животната средина-Полошки регион, Канцеларија во Тетово и

-М-р Методија Димовски, член од областа на животна средина и заштита на здравјето на луѓето, номиниран член од Инспекциски Совет на РСМ.

2. Комисијата има задача да го спроведе практичниот дел од испитот на пријавениот кандидат и за тоа да состави записник кој ги содржи следниве податоци: датум, време, место на одржување на испитот, состав на Комисијата, листа на кандидати за инспектор кои го полагале испитот со освоените бодови и вкупниот исход, како и да изготви писмено известување за положен практичен дел од испитот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

Со известување бр.03-563/16 од 05.08.2021 година за резултатите и исходот од испитот за лиценца за инспектор-општ дел, сме известени дека кандидатот за инспектор Бедри Сулејмани, вработен во Давниот Инспекторат за животна средина на работно место советник-Инспектор за животна средина во Одделението за инспекицкси андзор во животната средина-Полошки регион, Канцеларија Тетово, го положил испитот-општ дел.

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина и просторно планирање**

Архивски бр.02-382/8
Дата 29.03.2022

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

Палата"Емануел Чучков"
Ул.Павел Шатев бр.2, 5ти спрат
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Е-пошта: s.stojkovski @sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk
Тел-ДИЖС: +389 70 286 698

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I INSPEKTORIATEVE
СКОПЈЕ / SHKUP
Примено: 31. 03. 2022
11 - 4591

**До: ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

- **Г-ѓа Магдалена Филиповска-Грашкоска**

**Претседател**

- **М-р Методија Димовски**

**Член на ИС, Здравје и Животна средина**

**Ул.Даме Груев бр.3, блок 2, локал 5**
**1000, Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување записник од спроведен практичен испит за стекнување на лиценца за инспектор

Почитувани,

На ден 28.03.2022 година, во просториите на Државниот Инспекторат за животна средина се одржа практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор. За спроведениот практичен дел од испитот, од страна на комисијата формирана од страна на Директорот на Државниот Инспекторат за животна средина е составен Запсиник согласно член 10 од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор ("Службен весник на РСМ" бр.238/2019), кој ги содржи сите податоци кои се однесуваат на одржување на испитот, состав на комисијата и име и презиме на кандидатот за инспектор кој го полага испитот со освоени бодови и вкупниот исход.

Во прилог на овој допис Ви доставуваме:

- Записник од спроведен практичен испит за инспектор за кандидат Бедри Сулејмани со бр.02-382/7 од 28.03.2022 година – во оригинал, истиот за Ваше понатамошно запознавање и постапување согласно законските прописи.

Со почит,

Изработил:
Дарко Блинков, Раководител на Одделение

**ДИРЕКТОР**

**М-р Сретен Стојковски**

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

Архивски бр.02-382/7
Дата 28.03.2022

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

Палата"Емануел Чучков"
Ул.Павел Шатев бр.2, 5ти спрат
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Е-пошта: s.stojkovski @sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk
Тел-ДИЖС: +389 70 286 698

## ЗАПИСНИК
### од спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор ("Сл.весник на РСМ" бр.102/19) и од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор ("Службен весник на РСМ" бр.238/2019), на ден 28.03.2022 година со почеток од 10.00 часот во службена просторија на Државниот Инспекторат за животна средина пред Комисија за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Директорот на Државниот Инспекторат за животна средина со арх.бр.02-328/4 од 25.03.2022 година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:

-Хусни Тачи, Главен инспектор-Раководител на Сектор за инспекциски надзор во животната средина и природата, - ментор на кандидатот за инспектор,

-Пејо Кировски, Виш инспектор-Раководител на Одделение за инспекциски надзор во животната среидна-Скопски регион,

-Бецет Абази, Државен Инспектор за животна средина, Одделение за инспекциски надзор во животната средина-Полошки регион, Канцеларија во Тетово и

-М-р Методија Димовски, член од областа на животна средина и заштита на здравјето на луѓето, номиниран член од Инспекциски Совет на РСМ.

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Бедри Сулејмани на работно место Државен Инспектор за животна средина во Одделението за инспекциски надзор во животната средина-Полошки регион, Канцеларија Тетово.

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор каде кандидатот Бедри Сулејмани изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекциски надзор.

Кандидатот презентираше вонреден инспекциски надзор.

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Бедри Сулејмани, комисијата ги утврди следните бодови и тоа:

- Планирање и подготовка за инспекциски надзор – 13 бодови
- Спроведување на инспекциски надзор – 25,75 бодови
- Затворање на инспекцикси надзор – 27,5 бодови и
- Документирање на инспекциски надзор – 14 бодови.

Комисијата констатира дека кандидатот Бедри Сулејмани **го положи** практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со совоени 80,25 бодови.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:

Почеток во 10.00 часот на ден 28.03.2022 година,

Завршување во 12.00 часот на ден 28.03.2022 година.

Комисија за полагање на практичен дел од испит за инспектор:

1. Хусни Тачи________________________
2. Пејо Кировски________________________
3. Беџет Абази________________________
4. М-р Методија Димовски____________________

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

Палата"Емануел Чучков"
Ул.Павел Шатев бр.2, 5ти спрат
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Е-пошта: s.stojkovski @sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk
Тел-ДИЖС: +389 70 286 698